РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1823/2
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1823/1 од 20.06.2024 година, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за претседателски и парламентарни избори во 2024 година против, ------------ кој во време на поднесување на пријавата ја извршувал функцијата Министер --------------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавените наводи не укажуваат на повреда на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од Изборниот законик.

Предметот со број 12-1823/1 од 20.06.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на познат подносител, на ден 20.06.2024 година, е поднесена пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за претседателски и парламентарни избори во 2024 година, по која е оформен предметот број 12-1823/1 од 20.06.2024 година.

Во пријавата подносителот истакнува наводи дека при донесување на Решение за распоредување и плата од страна на ----------- бил распореден на работно место стручен соработник за ----------. Меѓутоа, решението било изготвено на ден додека сеуште ги извршувал своите работни задачи како прв секретар -----------------------, при што неговиот мандат завршил на 31.05.2024 година. Директорот за организациони работи во Министерството не го почекал враќањето на подносителот во Република Северна Македонија, туку без негово знаење користејќи го изборниот период го распоредил на работното место “стручен соработник”. Подносителот на пријавата дополнил дека се работело за злоупотреба на изборниот процес бидејќи наместо решението за распоредување и плата да му било изготвено по завршувањето на неговиот мандат и враќање во РСМ на 03.06.2024 година, му било изготвено тенденциозно, предвремено изготвено решение на 29.05.2024 година, со цел да биде распореден на пониско работно место, при што како образложение му се посочувал изборниот период, иако истиот завршувал наредниот ден, односно на 30.05.2024 година.

ДКСК, по разгледувањето на пријавата и Решението за распоредување и плата, констатира дека наводите содржани во истата не укажуваат на преземање на активности од страна на пријавеното лице кои претставуваат повреда на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од Изборниот законик.

Имено, опишаните дејствија во пријавата не се опфатени со забраните наведени во членот 8-а од Изборниот законик и чл.34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.“ Бидејќи во истото Решение изготвено од срана на Министерството е наведено точно до кога им завршува мандатот на пријавеното лице дотолку повеќе што во точка 5 од образложението на решението за распоредување е концизно наведено дека истото ќе почне да се

применува на 01.06.2024 година, а видно од наводите во пријавата неговиот мандат како прв секретар во Амбасадата на РСМ во ---------- завршувал на 31.05.2024 година.

Врз основа на погоре наведеното, а поради тоа ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата